UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Јавен менаџмент и администрација (2018/2019)** |
| Факултет | Современи Општествени Науки |
| Циклус на студии | Прв циклус (Додипломски) |
| ЕКТС | 180 / 240 |
| Титула | Дипломиран по јавен менаџмент и администрација / Насока: Менаџмент на невладини организации |
| Архивски број на акредитација [180] | 03-1215/8 |
| Архивски број на акредитација [240] | 03-1259/3 (15.08.2018) |
| Решение за почеток со работа | 03-1259/3 (15.08.2018) |
| Датум на акредитација | 16.05.2018 |

## Опис на програмата

Студиската програмата Менаџмент на невладини организации има мултидисциплинарен пристап кон главните елементи на студирање во областа на јавниот менаџмент, менаџирањето, правото и во областа на социоекономските науки. Во рамките на програмата се опишуваат и се идентификуваат основните концепти, начелата, административните и законските процеси, теориите во јавната администрација, како што се оние поврзани со човечкото и институционалното однесување, процесот на јавните политики, економијата во јавниот сектор и менаџирањето на јавните и непрофитабилните организации.
Главни цели на програмата се да се подготват студентите за:
- Подготвување административни документи, планирање и координација на меѓуинституционалната работа, архивирање, регистрација на управни предмети преку употреба на информацискиот систем.
- Примена на професионални знаења во исполнувањето на работните задачи во институциите на државата и на јавната администрација, невладинииот сектор и во приватните организации.
- Да менаџираат со институции од јавен сектор.
- Да развијат критичко мислење за работата на државата и јавните институции во случај на кршење на административните правила, бирократијата и нетранспарентноста.
- Да развијат компетенции на НЈМ, менаџирање засновани врз резултати и аплицирање на принципите на добро управување.
- Аналитички да ја развијат улогата на државата и јавната администрација во последниве децении во Република Македонија и во државите во регионов.
- Да ги распознаваат современите трендови и дејствувања во државата во јавните институции и јавното менаџирање во земјите во развој и во развиените земји.
- Да можат да преземаат иницијатива за идентификување и за адресирање на потребите за учење за државните институции и јавната администрација.
- Компетенции, вештини за стратешко планирање, акциони планови, пишување апликации за предлог-проекти, евалуација на проектите.
- Компетенции и вештини за проектен менаџмент и финансирање на НВО-секторот.

## Кариера

Со завршување на студиите во оваа програма студентите можат да се вработат како менаџери во јавниот сектор и да управуваат со организации во невладиниот сектор.

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

- Да развиваат знаење на непрофитниот сектор: Да покажат знаење и разбирање за минатите, сегашните и за идните трендови на непрофитниот сектор во организациите, политиките и секторите во САД и во странство
- Да развијат вредности на општествениот сектор: Да се демонстрира стратешко почитување и критичко размислување за артикулирање и препознавање на вредностите на општествениот сектор за промоција на праведни, инклузивни, просперитетни, одговорни и одржливи заедници.
- Има мултидисциплинарни знаења и разбирање на главните елементи на проучување во областа НВО-секторот, правото, социоекономските науки.
- Има знаења за процесите на интеграција во Европската Унија и проектите за НВО-секторот.

### Примена на знаењето и разбирањето

- Да применат непрофитни управувачки компетенции.
- Да применат принципи и пристапи на непрофитното управување за да се реши проблемот со помош на стратешко планирање, управување со одборот, развој на ресурси, финансиска администрација, управување со човечки ресурси, законска усогласеност, непрофитен маркетинг, евалуација на програмата, политика и застапување.
.- Да менаџираат институции од невладиниот сектор.
- Да го применуваат финансискиот јавен менаџмент.
- Да пишуваат проекти и евалуација на проекти во јавен сектор и невладин сектор.

### Способност за проценка

- Интегрираат непрофитно етичко раководство: Да покажат етички лидерски капацитет и етичко расудување за непрофитно раководство, глобална одговорност, општествена одговорност и етичко одлучување.
- Квалитативна анализа на процесот на реализација на проекти.
- Оценување на влијанието на проектите врз заедницата.
- Процена на проекти во невладиниот сектор.

### Комуникациски вештини

- Во состојба е да учествува во дебата, посредување и преговори, обезбедувајќи аргументирана анализа за политичкиот дискурс.
- Поседува кохерентна способност за пишување предлог-проекти, анализи, концепт.
- Покажува способност за професионална комуникација со повеќемина во тимска атмосфера и преку инклузивен нпристап.

### Вештини на учење

- Интегрирање на анализа на социјални влијанија.
- Демонстрира капацитет за проценка на корист на организациски развој, организациско учење, организациска ефективност и организациска одржливост за општественото влијание и социјалните иновации.
- Има вештини да спроведе доживотно учење и самоедукација во областа на НВО-секторот.
- Способен е да ги обучува граѓаните за институциите во јавниот сектор и за демократското општество како и за невладиниот сектор.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [CPS-104] [6.0 ЕКТС] **Теорија на државата и правото**
- [CPA-101] [6.0 ЕКТС] **Вовед во јавна администрација**

- [CPS-1011] [6.0 ЕКТС] **Вовед во социологија**
- [3.0 ЕКТС] **Изборен предмет - Албански/Македонски јазик**
- [3.0 ЕКТС] **Изборен предмет - Англиски јазик**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет**

## Семестар 2

- [CPA-302] [6.0 ЕКТС] **Вовед во јавна политика**
- [EPS-405] [6.0 ЕКТС] **Вовед во економија**
- [CPA-501] [6.0 ЕКТС] **Современи концепти и принципи на менаџмент во јавниот сектор**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет**
- [3.0 ЕКТС] **Изборен предмет - Англиски јазик**
- [3.0 ЕКТС] **Изборен предмет - Албански/Македонски јазик**

## Семестар 3

- [CPA-403] [6.0 ЕКТС] **Менаџмент со човековите ресурси во јавниот сектор**
- [CPA-301] [6.0 ЕКТС] **Основи на статистика**
- [CPA103] [6.0 ЕКТС] **Управно право и постапка**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет - Англиски јазик за специфични цели 1**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет**

## Семестар 4

- [CPA-201] [6.0 ЕКТС] **Јавно лидерство и организациски развој**
- [CPMPP-04] [6.0 ЕКТС] **Систем на административни службеници на РСМ**
- [CPMPP-05] [6.0 ЕКТС] **Буџетирање и јавни финансии**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет - Англиски јазик за специфични цели 2**

## Семестар 5

- [CPA-6033] [6.0 ЕКТС] **Квалитативни и квантитативни методи во општествените науки**
- [CMNGO-05] [6.0 ЕКТС] **Организациско лидерство во невладиниот сектор**
- [EPMPP-07] [6.0 ЕКТС] **Проектен менаџмент и раководење со грантови**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

## Семестар 6

- [CMNGO-06] [6.0 ЕКТС] **Финансиски менаџмент и ефикасност во користење на ресурсите на граѓанските организации**
- [CPMPP-06] [6.0 ЕКТС] **Стратешки менаџмент во јавен и непрофитен сектор**
- [CPA-604] [6.0 ЕКТС] **Дипломска работа**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

## Семестар 7

- [CPA118] [6.0 ЕКТС] **Современи политички системи**
- [CPMPP-08] [6.0 ЕКТС] **Добро владење и општествена одговорност**
- [CMNGO-07] [6.0 ЕКТС] **Справување со конфликт, комуникациски вештини и вештини за преговање**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет**

## Семестар 8

- [CMNGO-08] [6.0 ЕКТС] **Развој на човечки ресурси и раководење со волонтери**
- [CMNGO-09] [6.0 ЕКТС] **Правна регулатива и етика за граѓански организации**

- [CMNGO-10] [6.0 EKTC] **Обезбедување на финансии во НВО**
- [6.0 EKTC] **Изборен предмет**
- [6.0 EKTC] **Изборен предмет**

# Description of courses

## Задолжителни предмети

- **Теорија на државата и правото**
  Овој предметот на студентите им дава воведни теоретски знаења за клучните поими и институти од областа на државата и правото. Дополнително, предметната програма е клучна во изучувањето низа други предмети во текот на студиите.

- **Вовед во јавна администрација**
  Јавната администрација претставува област која е од посебен интерес за науката. Со предметот Вовед во јавната администрација студентите ќе стекнат знаења за основните концепти на јавната администрација. Посебен акцент ќе биде ставен врз евалвацијата на јавната администрација, како и врз реформите во оваа област во нашава земја. Студентите ќе имаат можност да се запознаат со оваа област и критички да ги анализираат развојот и појавите на јавната администрација. Бидејќи оваа област е предмет на постојани промени, посебно внимание ќе се посвети на новите теории, како и на класичните теории на јавната администрација. Предметот на истражување се: поими и основни знаења за принципите и за институциите на јавната администрација; улогата и значењето на јавната администрација во организираното општество; генезата и историскиот развој на јавната администрација; организациската структура на јавната администрација; функционирањето на институциите на јавната администрација; државните службеници; контролата и одговорноста на ЈА, комуникациите во ЈА, јавната администрација како служба за одбрана и за реализација на човековите права итн.

- **Вовед во социологија**
  Преку предметот Вовед во социологија студентите треба да стекнат општи познавања околу општествените движења и промени. Станува збор за предмет кој врши обработка на некои основни општествени движења почнувајќи од тие со кои сите ние се соочуваме како граѓани и академски работници. На студентите им се става во располагања цел спектар на литература од домашни и странски автори со што ќе се овозможи проширување и продлабочување на нивните знаења од областа на темите кои се предмет на анализа. Како посебни цели на овој предмет може да се истакнат: - Студентите да ги разберат основните социолошки концепции и теории. - Студентите да ја разберат научната рамка на социологијата. - Студентите да се оспособат да ги распознаат основните парадигми и правци во социологијата. - Студентите да создадат критичен став околу социологијата како динамичен систем. - Студентите да изградат личен и критичен став кон општествените интеракции на микрониво како и нивната поврзаноста со општествената макроструктура. - Студентите да ги распознаат социјалните и културолошките аспекти на социјализацијата. - Студентите да изградат лично мислење околу глобализацијата и техничко-технолошкиот развој и нивното влијание врз современите општества.

- **Вовед во јавна политика**
  Целта на предметот е студентите полесно да ги разберат и да ги совладаат јавната политика, нејзините принципи за создавање, водењето конкретна политика, како и нејзина анализа, имплементација, евалуација и нејзино развивање. Менаџментот на јавни политики е дисциплина за решавање проблеми која ги користи сознанијата од методологиите и основните теории на општествените науки, на општествените професии и на филозофијата на политиките.

- **Вовед во економија**
  Преку овој предмет студентите ќе се запознаат со надворешното и внатрешното окружување на претпријатието. Меѓутоа, внимание ќе биде посветено и на финансиската функција, на маркетинг-функцијата и на организационата функција на претпријатието. Покрај ова, се согледува и влијанието на претпријатието врз заедницата во која дејствува.

- **Современи концепти и принципи на менаџмент во јавниот сектор**
  Студентите ќе можат да ги препознаваат фундаменталните аспекти на јавниот менаџмент како научна област и како професија и ќе можат да направат анализа на активностите на владата од правна, менаџерска и од политичка перспектива.

- **Менаџмент со човековите ресурси во јавниот сектор**
  Менаџментот со човечките ресурси (МЧР) е важен аспект на организацискиот менаџмент. Овој предмет се фокусира на многукратни изрази на управување со човечките ресурси во јавниот сектор. Преку овој предмет ќе се испитаат теории и практики на МЧР во однос на факторите, демократизацијата на општеството, брзиот развој на технологијата и глобализацијата кои директно имаат влијание врз развојот на МЧР. Воедно се анализира и улогата на МЧР во организации со нагласок на регрутирање, селектирање и тестирање, обука, развивање и компензација на човечките ресурси на организацијата. Исто така значајните активности на МЧР вклучуваат анализирање и опис на работните места. Примената на стратегиското размислување при анализирање на организациските и кадровските предизвици дава конкретни решенија за раководителите во јавниот сектор. Преку предметот студентите се подготвуваат да бидат успешни менаџери со испитување на теориите, практиките и на политиките на модерниот МЧР.

- **Основи на статистика**
  Главна цел на овој предмет е да се овозможи студентите да стекнат основни знаења за основните статистички методи и за нивна примена со цел следење на професионалната литература, за да можат концизно да се изнесат резултатите и заклучоците од извршените истражувања. Главни аспекти на изучувањето на овој предмет се: одредување на дисциплините, поврзување на податоците, статистичка анализа, статистичка примена на методи на полето на хуманитарните науки, демонстрирање на статистичките податоци и претставување на односот меѓу статистиката и другите науки.

- **Управно право и постапка**
  Предмет на изучување се принципите на организација, работа и делокруг на административните органи, основните дејности што ја сочинуваат управната функција, актите на административните органи и односот помеѓу граѓаните и администрацијата. Целите на предметната програма се состојат во тоа студентите: -Да ги дефинираат и да разберат поимите администрација и административна функција. -Да ја препознаваат и да ја анализираат правната регулатива со која се уредуваат организацијата и функционирањето на јавната администрација во РМ. -Да ги согледаат основните дејности на административната функција. -Да направат разграничување меѓу видовите акти на администрацијата и да ги совладаат првите чекори на создавање такви акти. -Да ги изучат видовите административен надзор. -Да ги спознаваат механизмите на контрола над администрацијата и нејзината одговорност пред другите државни органи, но и пред своите клиенти-корисници на нејзините услуги. -Да стекнуваат способности и вештини за идно вработување во органите на администрацијата на РМ, невладините организации, установите и сите институции во кои се решаваат предмети од административно-правна природа.

- **Јавно лидерство и организациски развој**
  Целта на предметот е да им се овозможи на студентите како лидери и раководители да го развиваат и да го спроведуваат постигнувањето на мисијата и визијата на одредена организација во јавниот сектор; да ги развиваат вредности кои се неопходни за долгорочниот успех и за нивна примена преку соодветни активности и навики; како лидерите и раководителите лично да се вклучени во обезбедувањето сигурност дека системите за управување со организацијата ќе се развиваат и ќе се спроведуваат. Исто така, преку предметот се опфаќа и начинот како организацијата ги спроведува својата мисија и својата визија преку јасна стратегија заснована на мислењата на сите заинтересирани страни, поддржана преку сите релевантни политики, планови, цели и процеси.

- **Систем на административни службеници на РСМ**
  Целта на овој предмет е студентите да стекнат знаење и вештини да ги анализираат факторите кои влијаат врз поведението на државните службеници и механизмите за подобрување на ефективноста на државната служба и отчетноста спрема јавноста.

- **Буџетирање и јавни финансии**
  Студентите стекнуваат со концепциски и содржински знаења од областа на јавните финансии кои преставуваат релација помеѓу граѓаните (како физички лица - даночни обрзници и корисници на јавните услуги и добра). Истовремено студентите треба да ги изучуваат и да ги разбираат фискалните политики, процедури и фискалните инструменти за реализација на односите меѓу чинителите во областа на јавните финансии.

- **Квалитативни и квантитативни методи во општествените науки**

Целта на предметот е да се фокусира на два општи приода кон анализа на податоците, имено квантитативна и квалитативна. Во однос на квантитативна анализа се фокусира на употреба на статистичката анализа во однос на квалитативна анализа во која се дефинира како оние пристапи во кои не се вклучени квантитативните пристапи - или пристапи кои не користат нумеричка манипулација. Во рамиките на овој предмет ќе се прави и анализа и преку студии на случај ќе се презентирата методите на истражување, деловите на општественото научно истражување, приодите за истражувачки дизајн, спроведувањето емпириски дизајн како и мултиваријабилна анализа.

- **Организациско лидерство во невладиниот сектор**
  Овој модул е дизајниран за да ги обучи студентите да користат алатки, можности и рамки за спроведување ефективни стратегии кај ГО. Различните теми вклучуваат концептуални рамки за разбирање на улогата на стратешкото лидерство, аналитички вештини за развој и оцена на стратегии и пристапи за работа со различни групи на интерес за мобилизирање на посветеност, како и методи за водење кон промени и нивно постигнување. Ова е мултидисциплинарен модул кој ги истражува историското, политичкото, правното, етичкото и социјалното опкружување во кое функционираат ГО. По правило, секоја ГО треба да има независен управен орган (собрание или пак управен одбор (УО), кој ја управува организацијата и ги носи стратешките одлуки. Овој модул се занимава со улогата на менаџерот, односно извршниот директор (ИД) во организацијата, процесот на носење одлуки и раководење со персоналот, согласно со законските норми, како и согласно со мисијата и стратешките цели на организацијата. Понатаму, модулот ја опфаќа врската меѓу УО и ИД и нивното влијание врз развојот на организацијата Модулот истражува широк спектар извори, од етаблирани пристапи до стратешко планирање и менаџмент до најдобри практики, како и користење на искуствата на студентите кои го носат со себе, вклучувајќи опис на разликите меѓу лидерство и раководење, искуства и примери за градење успешни тимови, со посебен осврт на вештините кои лидерот треба да ги поседува за да може да го води тимот кон успех.

- **Проектен менаџмент и раководење со грантови**
  Овој модул се занимава со ефективно планирање, спроведување и комуникација на проекти и проектни идеи, кои се од особено значење за сите типови ГО. ГО постојано преземаат нови инцијативи, нудат нови услуги, развиваат креативни пристапи во давањето услуги, осмислуваат нови компоненти, отвораат нови објекти, центри итн., воведуваат нови технологии за да одговорат на променливото опкружување и на барањата на целните групи. Овој модул нуди вовед во основните концепти и методи за раководење со проекти и на студентите им обезбедува практични алатки кои ќе ги подготват да бидат успешни проектни менаџери. Овој модул вклучува и анализа на потребите и проблемите, употреба на податоци при анализа на различни политики или состојби, потребата од создавање на партнерства, употреба на алатки за убедување и преговарање, како и презентациски вештини. При самата работа на конкретни проекти, студентите ќе имаат прилика да се сретнат со предизвиците при користењето на неколку важни алатки за развој и за спроведување проекти, најмногу користени од меѓународните донатори и да извлечат заклучоци кои вештини, односно знаења треба да ги подобрат.

- **Финансиски менаџмент и ефикасност во користење на ресурсите на граѓанските организции**
  Целта на овој предмет е да им се претстават на студентите стандардите и практиките во финансиското работење на ГО, методите на користење фондови и други соодветни техники за управување со одговорноста во финансиското работење на ГО и опфаќа преглед и анализа на техничките аспекти на сметководството и подготовката, како и толкување на финансиските извештаи. Концептот на ефикасноста во користењето на ресурсите ги претставува основите на принципите и процедурите и овозможува поставување рационална рамка за алокација на ресурсите. Предметот овозможува соодветна избалансираност меѓу теоријата и практиките, преглед на различни студии на случај и дизајниран е така што ќе го предизвика интересот на студентите.

- **Стратешки менаџмент во јавен и непрофитен сектор**
  Целта на предметот е студентите да стекнат знаења за современата анализа на стратешкиот менаџмент и за моделите на стратешко управување, конкретно со анализата на животната средина, формулирањето на мисијата, целите, стратегијата, имплементација и евалуација на перформансите и контролата на организацијата.

- **Дипломска работа**
  Ова е активност поврзано со дипломската работа и професионален пројект. Од студентите се бара да напише проект, обично поврзан со дипломската работа, да се изработи структурата на проектот да се направи истражување и да го напишат извештајот.

- **Современи политички системи**
Основна цел на предметот „Современи политички системи“ е студентите да стекнат: знаења околу функционирањето на политичките системи кои се среќаваат денес ширум светот, опфаќајќи ги тука не само оние политички системи кои се сметаат како демократски, знаења за основните теории и концепции за политичките системи, но истовремено да се запознаат и со практичното функционирање на повеќе политички системи во светски рамки. Од овој аспект гледано, како основни посебни цели на овој предмет може да се наведат следниве: - Студентите да се запознаат со политичките системи од аспект на нивниот поим, специфичности и историски развој. - Студентите да стекнат основни знаења околу главните теории и концепции за политичките системи. - Студентите да се запознаат со основните пристапи кон класификација на политичките системи. - Студентите да се оспособат да ги распознаат спецификите на одделни политички системи.

- **Добро владеење и општествена одговорност**
Преку овој предмет студентите ќе стекнат знаења за основните карактеристики на доброто владеење во институциите на Европската Унија. Овој предмет систематски ќе ја анализира Европската Унија и проектот на економска и политичка интеграција на Европа. Предавањата ќе се осврнат на анализа на институциите и политиките на интеграција во Европа. Во текот на семестарот студентите ќе ги анализираат јавните политики (земјоделство, регионална политика, заедничка надворешна и безбедносна политика). Во предметот ќе се анализира и демократскиот дефицит и отуѓеноста на европските лидери од граѓаните на Европската Унија.

- **Справување со конфликт, комуникациски вештини и вештини за преговање**
Овој предмет вклучува ефективно справување со конфликти на работно место, помеѓу различни групи, компании, владини институции и други граѓански организации (ГО). Изучувањето на конфликтите и ефективното менаџирање со нив подразбира анализа на конфликтот, разбирање на динамиката на различни групи на интерес и одредување соодветни методи за справување. Менаџерот во НВО, без разлика на тоа дали се занимава со менаџмент, политики или финансии, е повикан да менаџира или да се вклучи во решавањето широк спектар на конфликти. Конфликти има секаде, во и помеѓу организации и институции, помеѓу различни нивоа на владини органи, меѓу различни групи на интерес и владини институции, граѓани и институции итн. Зголемената комплексност и поврзаноста на конфликтите со различни прашања и проблеми кои се заеднички за повеќе различни групи на интерес, ја зголемува одговорноста, но и предизвикот кај НВО за соодветно справување со нив. Во регион како што е ЈИЕ, неопходно е лидерите / менаџерите во ГО да знаат како да се справуваат со конфликтите. Низ студии на случај, дискусии, дебати и симулации студентите ќе имаат можност да се подготват теоретски, но и практично за решавање конфликти, но во исто време ќе работат на развој на вештини за преговарање и убедување кои еден современ менаџер е неопходно да ги поседува. Истовремено, овие вештини се неопходни за генерирањето јавна поддршка и за ефективна комуникација со различните групи на интерес, кои се основа за успехот на НВО.

- **Развој на човечки ресурси и раководење со волонтери**
Дизајниран пред сè за раководители на ГО, овој предмет дава широк преглед на динамиката на човечките ресурси. Предметот се занимава со основните функции на раководењето со човечките ресурси (РЧР), како што се регрутација на персоналот, развој на кариерата, оцена на персоналот, давање фидбек, како и дизајн и опис на работното место. Во рамките на овој предмет се истражуваат прашања кои вклучуваат различности и идентитетот во работата, како и организациската култура, улогата на комуникацијата во тимот, како и други важни прашања од областа на РЧР. Секако, како неодминлив дел од работата на ГО е вклучувањето на волонтерите, како основен извор на активисти кај ГО. Предметот вклучува практична работа низ дискусии за студии на случај и рефлексија на искуството на студентите. Фокусиран на раководење во организации кои се базираат на вредности, во предметот се прават споредби со практиките на ова поле во јавниот, профитниот и во граѓанскиот сектор.

- **Правна регулатива и етика за граѓански организации**
Овој модул е дизајниран да ги истражува сите правни и етички прашања со кои се соочуваат ГО. Фокусот на овој модул е преглед на сите закони и подзаконски акти кои се поврзани со работата на ГО, а посебно од аспект на структура, раководење, организациско однесување и отчетност. Од особена важност е студентите да ја разберат поврзаноста на етиката во однесувањето на ГО и имиџот на поединечните организации, како и секторот во целина

- **Обезбедување на финансии во НВО**

## Изборни предмети

- **Македонски јазик за професионални цели 1**
  По завршувањето на предметот Македонски јазик за професионални цели 1 од студентите се очекува да ги продлабочат и да ги зајакнат своите способности за напредно писмено и усно изразување на македонски јазик во контекст на различните професионални опкружувања. Студентите ќе бидат оспособени да читаат, пишуваат и да разбираат различни видови професионални и официјални текстови на македонски јазик. Исто така, ќе стекнат знаења и вештини за општата терминологија од областа на правото, бизнисот и економијата, администрацијата, компјутерските науки, јазикот и комуникацијата и ќе можат да ја употребуваат во рамките на своите идни професии. Освен тоа, од студентите се очекува да станат поавтономни во изучувањето на јазикот и ќе бидат во можност да размислуваат критички на различни теми, како и да стекнат способност за напредна писмена и усна комуникација на македонски јазик во една мултијазична и мултикултурна средина.

- **Македонски јазик за професионални цели 2**
  По завршувањето на предметот Македонски јазик за професионални цели 2 од студентите се очекува да ги утврдат и да ги зголемат своите способности за напредно писмено и усно изразување на македонски јазик во контекст на нивните идни професии. Студентите ќе бидат оспособени да читаат, пишуваат и да разбираат различни видови професионални и специјализирани текстови на македонски јазик, да ги анализираат и да коментираат за нив како и да состават своја професионална биографија на македонски јазик (CV). Исто така ќе ги зголемат и ќе ги прошират и своите познавања на стручната и научната терминологија од областа на правото, бизнисот и економијата, администрацијата, компјутерските науки, јазикот и комуникацијата и ќе можат да ја користат во симулација на автентични ситуации од нивното професионално опкружување, како и во дебати и при размена на мислења поврзани со различни аспекти на овие професии.

- **Македонски јазик за почетници 1**
  Програмата за предметот Македонски јазик за почетници 1 опфаќа: читање, пишување, слушање и зборување. Преку посебни вежби и предавања се овозможува запознавање со основната комуникација на македонскиот јазик, т.е. запознавање, поздравување, претставување, збогатување на зборовниот фонд и пишување и разбирање кратки текстови. При создавањето на програмата се води сметка студентите стекнатите знаења да можат да ги применуваат и понатаму. Материјалот се обработува по принципот на комбинирани предавања и вежби, како и континуирани задачи, преку кои студентите активно се вклучени за време на часот и учествуваат со свои прашања и предлози во креирањето на часот.

- **Македонски јазик за почетници 2**
  Програмата за предметот Македонски јазик за почетници 2 опфаќа: читање, пишување, слушање и зборување. Во рамките на овој предмет е опфатено следново: секојдневни обврски, планирање активности за наредниот период, опис на лица, места и на предмети. При создавањето на програмата се води сметка студентите стекнатите знаења да можат да ги применуваат и понатаму.

- **Албански јазик за почетници 1**
  Целта на предметот Албански јазик за почетници 1, 2 е студентите кои немаат елементарни знаења од албанскиот јазик да се запознаваат со карактеристиките на овој јазик, да стекнат знаења за јазичната структура на албанскиот јазик, да ги прошират и да ги применат своите знаења во секојдневни ситуации, со помош на кои истовремено ќе стекнат знаења за јазичната структура на албанскиот јазик, ќе совладаат скромен фонд од различни лексико-граматички категории кои ќе им овозможаат едноставни конверзации. Иако станува збор за второ ниво на предметот за почетници, замислено е да биде флексибилен и да се прилагоди кон можностите и кон интересот на студентите.

- **Албански јазик за почетници 2**
  Целта на предметот Албански јазик за почетници 1, 2 е студентите кои немаат елементарни знаења од албанскиот јазик да се запознаваат со карактеристиките на овој јазик, да стекнат знаења за јазичната структура на албанскиот јазик, да ги прошират и да ги применат своите знаења во секојдневни ситуации, со помош на кои истовремено ќе стекнат знаења за јазичната структура на албанскиот јазик, ќе совладаат скромен фонд од различни лексико-граматички категории кои ќе им овозможаат едноставни конверзации. Иако станува збор за второ ниво на предметот за почетници, замислено е да биде флексибилен и да се прилагоди кон можностите и кон интересот на студентите.

- **Англиски јазик за општа и професионална комуникација 1**
  По завршување на секое ниво на овој предмет, кое се одредува според тест на почетокот на

семестарот/годината, од студентите се очекува да бидат на различно ниво според Европската јазична рамка и да можат да разберат и да користат различни фрази и изрази за нивни потреби, како што се: прашања и одговори за себе и семејството, понатаму за: својот живот, слободното време, финансиите, универзитетските дипломи, работни вештини, својот личен напредок, својата идна професија и сл, да учествуваат во дијалози и дебати и да пишуваат прграфи или есеи на теми кои ги обработувале.

- **Англиски јазик за општа и професионална комуникација 2**
  По завршување на секое ниво на овој предмет, кое се одредува според тест на почетокот на семестарот/годината, од студентите се очекува да бидат на различно ниво според Европската јазична рамка и да можат да разберат и да користат различни фрази и изрази за нивни потреби, како што се: прашања и одговори за себе и семејството, понатаму за: својот живот, слободното време, финансиите, универзитетските дипломи, работни вештини, својот личен напредок, својата идна професија и сл, да учествуваат во дијалози и дебати и да пишуваат прграфи или есеи на теми кои ги обработувале.

- **Англиски јазик за општа и професионална комуникација 3**
  По завршување на секое ниво на овој предмет, кое се одредува според тест на почетокот на семестарот/годината, од студентите се очекува да бидат на различно ниво според Европската јазична рамка и да можат да разберат и да користат различни фрази и изрази за нивни потреби, како што се: прашања и одговори за себе и семејството, понатаму за: својот живот, слободното време, финансиите, универзитетските дипломи, работни вештини, својот личен напредок, својата идна професија и сл, да учествуваат во дијалози и дебати и да пишуваат прграфи или есеи на теми кои ги обработувале.

- **Англиски јазик за општа и професионална комуникација 4**
  По завршување на секое ниво на овој предмет, кое се одредува според тест на почетокот на семестарот/годината, од студентите се очекува да бидат на различно ниво според Европската јазична рамка и да можат да разберат и да користат различни фрази и изрази за нивни потреби, како што се: прашања и одговори за себе и семејството, понатаму за: својот живот, слободното време, финансиите, универзитетските дипломи, работни вештини, својот личен напредок, својата идна професија и сл, да учествуваат во дијалози и дебати и да пишуваат прграфи или есеи на теми кои ги обработувале.

- **Англиски јазик 5**
  Англиски за академски намени е предмет со времетраење од еден семестар. Целите на предметот се да се овозможи на студентоте да стекнат вештини кои го потпомагаат учењето на англискиот јазик и напредување во академска средина. Бројот на часови е 30 (или 100 минути еднаш неделно). Предметот треба да ги оспособи студентите да ги употребуваат овие јазични вештини или вештини за учење не само во контекст на учење јазик туку и во контекст на настава на стручните предмети. Предметот вклучува вештини на усно презентирање, аргументирање, пишување, оценето во специфични задачи. Како резултат, по завршувањето, студентите треба да бидат способни усно да презентираат, да учествуваат во дебати и форуми за дискусија, да го образложат своето мислење со аргументи и да им дадат конструктивна повратна информација на соучениците. Понатаму, студентите треба да се способни да слушаат и да читаат и да ги разберат суштината и деталите, и успешно да напишат параграф и есеј во кој го аргументираат своето мислење. Треба да можат да се вклучат во конверзација, дискусија и да ги изнесат своите ставови и мислења, да ги организираат своите идеи и успешно да напишат параграф и есеј во кои образложуваат проблем и предлагаат решение, вршат споредби и контрастираат. Тие треба да се во состојба да користат речник и да го разбираат значењето на скратениците и симболите, да презентираат на дадена тема, да идентифукуваат главни идеи и детали во текст, цели и пораки на текст, како и начини на организирање текст и да ги применат во пишување.

- **Англиски јазик 6**
  Англиски за академски намени е предмет со времетраење од еден семестар. Целите на предметот се да се овозможи на студентоте да стекнат вештини кои го потпомагаат учењето на англискиот јазик и напредување во академска средина. Бројот на часови е 30 (или 100 минути еднаш неделно). Предметот треба да ги оспособи студентите да ги употребуваат овие јазични вештини или вештини за учење не само во контекст на учење јазик туку и во контекст на настава на стручните предмети. Предметот вклучува вештини на усно презентирање, аргументирање, пишување, оценето во специфични задачи. Како резултат, по завршувањето, студентите треба да бидат способни усно да презентираат, да учествуваат во дебати и форуми за дискусија, да го образложат своето мислење со аргументи и да им дадат конструктивна повратна информација на соучениците. Понатаму, студентите треба да се способни да слушаат и да читаат и да ги разберат суштината и деталите, и успешно да напишат параграф и есеј во кој го аргументираат своето мислење. Треба да можат да се вклучат во конверзација, дискусија и да ги изнесат своите ставови и мислења, да ги организираат своите идеи и успешно да напишат параграф и есеј во кои образложуваат проблем и предлагаат решение, вршат

споредби и контрастираат. Тие треба да се во состојба да користат речник и да го разбираат значењето на скратениците и симболите, да презентираат на дадена тема, да идентифукуваат главни идеи и детали во текст, цели и пораки на текст, како и начини на организирање текст и да ги применат во пишување.

- **Јавно говорење**
  По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат знаења за процесот на комуникација, етичките одговорности на јавниот говорник, како и за различните модели на информативни и убедливи говори. Освен тоа, студентите ќе стекнат и вештини за: подготовка и доставување различни видови говори, анализа на публиката, истражување на говорни теми, подготовка на говори итн. По завршувањето на предметот Јавно говорење студентите ќе бидат во можност да размислуваат критички преку конструктивна самокритика и преку критика за говорите на другите.

- **Дебата и презентациски вештини**
  Преку овој предмет студентите: Ќе стекнат вештини за ефективно дискутирање и аргументирање и со доверба пред публика. Ќе градат, ќе развиваат и ќе вежбаат презентирање на аргументи на различни начини, вклучувајќи индивидуална работа, работа во парови и групна презентација. Ќе научат да користат реторика на убедување со цел да изнајдат логични аргументи за поткрепа на одредена позиција поврзана со актуелни теми. Ќе се запознаат подетално со процесите на формално дебатирање, односно со британскиот парламентарен стил на дебатирање.;

- **Меѓукултурни студии**
  По завршувањето на овој предмет студентите ќе можат да ги идентификуваат: глобалните прашања и проблеми од перспектива на различни култури, комуникациската динамика во другите култури, сличностите и разликите меѓу своите вредности и оние на другите култури, како и сличностите и разликите меѓу нивните комуникациски практики и оние од другите култури. Освен тоа, од студентите се очекува да станат посвесни за стереотипите кои ги има во општеството за различните култури и ќе почнат подобро да го разбираат своето место во глобалната заедница. Студентите критички ќе се вклучат во размислувања за својата етничка припадност, полот и родовиот идентитет, класата, верата, националното потекло, возраста и за другите демографски карактеристики како и за нивното влијание врз комуникациските процеси. По завршувањето на предметот Меѓукултурни студии, студентите ќе стекнат и комуникациски вештини за работа во групи преку учество во истражувачки проекти и вештини за презентација на своите истражувачки проекти.

- **Комуникациски вештини**
  Преку предметот Комуникациски вештини студентите ќе можат практично да ја применуваат меѓучовечката комуникација. Студентите ќе имаат можност да совладуваат интерперсонални вештини (како перцепција, слушање, вербална и невербална комуникација); јавно говорење (како организација, испорака и основи на пишување јавни говори) и комуникација во мала група (како лидерство, самоувереност и слушање). Предметот е фокусиран и на основните познавања и разбирања за процесите на барање работа, како со писмена така и со усна комуникација, преку задачи како што се: пишување биографија, мотивациско писмо, симулации за интервјуирање итн.

- **Напреден Excel**
  Целта на овој предмет е студентите да стекнат напредни познавања за примената и за можностите понудени од апликацијата микрософт ексел (Microsoft Excel) и воедно да се оспособат за реализирање напредни задачи поврзани со соодветната програма на нивниот факултет.

- **Напредни ИТ-вештини**
  Цели на предметната програма се студентите: Да им се овозможи на студентите да стекнат основни познавања и вештини од областа на информатичките науки. Да стекнат теоретски и практични знаења за апликациите на микрософт офис (Microsoft Office) (Windows, Word, PowerPoint, Excel, Access) и да ги применуваат во реалниот живот. Да се оспособат да работат индивидуално или во група на практични проекти.

- **Напреден Ворд**
  Целта на овој предмет е студентите да стекнат сознанија за можностите на апликациите микрософт ворд и пауер поинт и да се оспособат самостојно да реализираат проекти и конкретни сложени задачи поврзани со соодветната програма.

- **Гугл апс**
  Цели на предметната програма се: Студентите да стекнат напредни познавања и вештини од областа на

електронските сервиси (cloud applications); Студентите да стекнат теоретски и практични знаења за апликациите гугл докс (Google Docs) (G-mail, Documents, Spreadsheets, Presentations, Drawings и Forms ) и да ги применуваат во реалниот живот; Да се оспособат студентите да работат индивидуално или во група на разни проекти, и тоа онлајн, директно преку веб-прелистувачот.

- **Напреден акцес**
  Базите на податоци се идеални алатки за следење на голем обем на податоци, а микрософт акцес е многу популарен и претставува моќно средство кое се користи за дизајнирање и за развивање бази на податоци базирани на виндоус (Windows). Овој предмет е наменет за нови корисници на акцес при што се обработуваат најважните функции потребни за работа со бази на податоци.

- **Десктоп-публикации**
  Целта на овој предмет е дизајн и обработка на растер и вектор графика преку водечките програми Adobe Photoshop и Illustrator како и дизајнирање и публикација на комерцијални материјали за печатење со помош на Adobe In Design.

- **Веб-публикации**
  Развивање дури и едноставна веб-страница според важечките стандарди бара познавање на Hypertext Markup Language (XHTML) и Cascading Style Sheets (CSS). Повеќето веб-страници користат и слики, во форма на банери, копчиња, логоа, слики или скенови. Adobe Fireworks е изграден како алатка за да се креира и да се манипулира со слики наменети за веб и да им овозможи на креаторите да ги оптимизираат овие слики, со цел да се намали големината на датотеката. Fireworks, исто така, обезбедува одлична интеграција со Dreamweaver. Оваа серија обезбедува сеопфатен вовед во XHTML, CSS и креирање веб-графика.

- **Албански јазик и култура на пишување**
  Предметот Албански јазик со култура на пишување е синтеза на правила и упатства кои се предвидени да ги подобрат вештините на писменото и усното изразување на албански. Подобрувањето на овие вештини, пред сѐ, се предвидува да се постигне преку запознавање со правописните правила, некои морфолошки норми и норми на синтаксата на албанскиот јазик, кои се потребни за да се постигне правилната употреба на јазикот. Потоа, посебен акккент се става врз мотивирањето на студентите за течен говор, подигање на свеста за употреба на албанскиот чист стандарден јазик. Посебен простор опфаќа и поттикот на волјата за подобрување на процесот на пишување, освестувајќи ги студентите за разликите во видовите на напишаните текстови, но и за свеста за академски интегритет (плагијатура), не оставајќи го недопрено и опфќањето на специфичната терминологија на различни области кон кои се ориентирани студентите. Предвидено е овие теми да им се понудат на студентите како комбинирани наставни единици, односно како правила, упатства и вежби кои меѓусебно се надополнуваат.

- **Албански јазик за специфични цели**
  Предметот има за цел подобрување и усовршување на изразувањето на албански јазик, било да е тоа усмено или писмено. Конкретно предметот има за цел да ги запознае студентите со специфична терминологија, со можностите на нејзината употреба, со најчестите грешки во секјодневниот говор но и за комуницирањето во специфични околности. Студените ќе се запознаат со условите во кои тие правила функционираат за да можат да ги употребат не само за задачите кои се однесуваат на предметот туку и во нивниот понатамошен професионален ангажман.

- **Академско пишување на англиски јазик**
  Целта на овој предмет е студентите да ги развијат академските вештини за пишување на различни начини. На студентите ќе им се овозможи да ги изложуваат своите идеи на јасен, течен и на ефективен начин за да создадат едне напишан текст. Студентските академски вештини ќе се развијат постепено преку вежбите што помагаат во пишувањето, како: пишување различни видови параграфи и есеи. Исто така, студентите ќе се запознаат со правилата за цитирање и парафразирање и ќе разберат што значи плагијат. Повратната информација на едно напишано дело ќе содржи поправање на грешките од самите студенти, поправање на грешките меѓу самите студенти и поправање на грешките од предавачот во однос на содржината, организацијата и на јазичните грешки

- **Академско пишување на македонски јазик**
  По завршувањето на Академско пишување на македонски јазик, од студентите се очекува да постигнат соодветни знаења и напредна комуникација на македонски јазик со посебен акцент на вештините на пишување на македонски јазик. Освен тоа, од студентите се очекува да станат поавтономни во изучувањето на јазикот и да преземат одговорност за своето учење. По завршувањето на предметот Академско пишување на

македонски јазик, студентите ќе бидат во можност да ги надградат своите способности за пишување на повеќе нивоа и со тоа да станат посигурни и покомпетентни во пишувањето на македонски јазик и ќе бидат во можност да размислуваат критички на различни теми и сами да донесуваат заклучоци, како и да стекнат способност за одлична писмена и усна комуникација на македонски јазик.

- **Академско пишување на албански јазик**
  По завршувањето на секое ниво, од студентите ќе се очекува да можат да пишуваат есеј и научноистражувачка работа според правилата научени за време на предавањата. Конкретно од нив ќе се очекува овие знаења да ги имаат изградено над знаењата за функцијата, градбата и за видовите параграф, начинот на одбирање тема за научноистражувачка работа, собирањето на материјалот, правилата за документирање на изворот итн., па сè до завршниот модел.

- **Германски јазик (ниво 1 до 4)**
  По завршувањето на секое ниво, од студентите се очекува да достигнат соодветни знаења според Европската јазична рамка кои се посебно и конкретно одредени според нивото. Освен тоа, од студентите се очекува да станат поавтономни во изучувањето на јазикот и да преземат одговорност за своето учење. По завршувањето на предметите по германски јазик, студентите ќе бидат и во можност да размислуваат критички на различни теми и сами да донесуваат заклучоци врз основа на прочитаните текстови, како и писмено и усно да ги изразуваат своите мислења и ставови.

- **Заштита на животната средина**
  Цели на предметната програма се студентите да стекнат знаења за: основните проблеми на животната средина; улогата на човекот како клучен фактор во процесот на загадувањето и заштита на животната средина; влијанието на разните загадувачи на животната средина врз здравјето, професионалната активност и врз организациската способност на факторот човек; создавањето позитивни навики за животната средина како и за подигањето на свеста за потребите за поздрава и почиста средина; меѓународната и националната легислатива како и меѓународните конвенции за животната средина; за меѓународните и националните глобални политики во сферата на животната средина; животната средина како услов за одржлив економски развој; улогата на општеството во процесот на заштита на животната средина; за главните ризици на здравата животна средина; за Националната стратегија за животната средина на Р. Македонија.

- **Професионален рзавој на кариерата**
  Овој предмет се однесува на барањето, добивањето и на задржувањето на работата. Преку него студентите ќе стекнат содветни работни вештини за потребите на модерните работни места. Специфична задача ќе биде ефективно составување биографија (CV), пишување писмо за интерес/барање, вештини за интервјуирање и за формална комуникација во рамките на канцеларијата (мемос, формални електронски пораки до претпоставените или до клиентите, извештаи). Дополнителни елементи кои ќе ги опфатат се спроведување самоевалуција, управување со интерканцелариски конфликти и барање промоции. Примарен фокус на овој предмет ќе биде вработувањето. Вештините добиени во рамките на овој предмет може да се применуват во работниот процес.

- **Човекови права и слободи**
  Борбата за човекови права започнува со историските напори за да се запознаат со истите. Со текот на времето, корпусот на слободите и правата на човекот и граѓанинот што се инкриминирани со закони или меѓународните договори се шири, но тоа сигурно тоа не е показател дека тие се почитуваат и имплементираат во практиката. Човековите права се до сега се сметало дека преставуваат или се дел од внатрешните работи на државите (според принципот на апсолутниот суверенитет), а само во поново време се стекнаа со насловот на jus cogens норми. Студентите преку овој курс ќе се запознаат со развитокот на доктрината за човековите права, видовите и категориите на човековите права и ќе ги проучуваат соодветните документи кои го регулираат тие права. Целта на овој предмет е: да сезапознаат студентите со концептот на меѓународното право за човекови права, спроведување на истите, влијанието во креирањето на националните политики; Тоа ке ги поттикне студентите да размислуваат критички на односот меѓу меѓународното право и националното право; да ги направи свесни за сегашните меѓународни настани, како тие влијаат врз секојдневниот живот на луѓето во светот; да ги поттикне студентите да се придонесе во областа на изготвување на законите за заштита на човековите права.

- **Англиски јазик за јавна администрација, политички науки и комуникација 1**
  Овој предмет се фокусира на подобрување на владеењето на англискиот јазик во целина, совладување на

посебен волабулар од овие области, развој и подобрување на вештините за академско пишување и читање, како и дискусии на написи и текстови од областа на јавната администрација, политичките науки и меѓународните односи и комуникации. Се користат материјали од разни извори, вклучувајќи и учебници од еминентни издавачи, како и автентични материјали и текстови. Главниот акцент на предметната програма е користење стручна терминологија за комуникациски цели кои ќе бидат применливи во развојот на кариерата на студентите.

- **Англиски јазик за јавна администрација, политички науки и комуникација 2**
  Овој предмет се фокусира на подобрување на владеењето на англискиот јазик во целина, совладување на посебен волабулар од овие области, развој и подобрување на вештините за академско пишување и читање, како и дискусии на написи и текстови од областа на јавната администрација, политичките науки и меѓународните односи и комуникации. Се користат материјали од разни извори, вклучувајќи и учебници од еминентни издавачи, како и автентични материјали и текстови. Главниот акцент на предметната програма е користење стручна терминологија за комуникациски цели кои ќе бидат применливи во развојот на кариерата на студентите.

- **Трудово право и работни односи**
  Трудовото право е посебна и самостојна правна дисциплина во правниот систем. Негов основен предмет на проучување и уредување претставуваат работните односи per se. Предметната програма се состои од два дела: Прв дел - Општи и основни прашања на трудовото право и Втор дел - работни односи. Првиот дел опфаќа општо-теориски прашања како што се: предмет, дефиниција, значења, место во правниот систем, карактеристики, однос на трудовото право со други правни дисциплини, развој, домашни и меѓународни извори. Покрај воведните напомени, во рамките на овој дел, значително внимание се посветува на колективните договори и на Меѓународната организација на трудот (МОТ).

- **Социологија на информатички технологии**
  Студентите да стекнат знаење за социологијата на образованието како посебна социолошка дисциплина; да се развие критичкото мислење кај нив и да можат да се занимаваат со истражување на образовните феномени.

- **Административен систем на ЕУ**
  Предметот се занимава со развој на систем на управно право на ЕУ. Тој се фокусира на дефинирање и на главните карактеристики на административното право на ЕУ; релевантни прашања кои се однесуваат на финансиската одговорност на администрацијата за незаконски дејства; алтернативно решавање спорови во управното право, пристап до административните судови; актуелниот и идниот развој на административното право во ЕУ; улогата и придонесот на судовите и на Европскиот омбудсман итн. Студии на случај ќе се користат за да се илустрираат местото и улогата на Судот за правда на ЕУ и на Административниот суд на ЕУ во административниот процес.

- **Управно право во ЕУ**
  Предметот се занимава со развој на систем на управно право на ЕУ. Тој се фокусира на дефинирање и на главните карактеристики на административното право на ЕУ; релевантни прашања кои се однесуваат на финансиската одговорност на администрацијата за незаконски дејства; алтернативно решавање спорови во управното право, пристап до административните судови; актуелниот и идниот развој на административното право во ЕУ; улогата и придонесот на судовите и на Европскиот омбудсман итн. Студии на случај ќе се користи за да се илустрираат местото и улогата на Судот за правда на ЕУ и на Административниот суд на ЕУ во административниот процес.

- **Теории и практики на меѓународно управување**
  Да им се претстави на студентите критички преглед на главните процеси во системот на глобалното управување. Предметот се фокусира на анализа на основните теории на глобалното управување. Преку овој предмет студентите ќе имаат можност критички да ја испитаат конвенционалната мудрост и да стекнат сознанија со критичко разбирање за глобалното владеење - и во теорија и во практика. Предметот ги проучува различните области на глобалната политика за да се процени како таа се приспособува на современите случувања во оваа брзорастечка арена, вклучувајќи ги тероризмот, здравјето, човековите права, интернетот, животната средина итн.. Предметот има за цел да им овозможи на студентите да стекнат знаење за тоа како функционира глобалното управување и како комплексна арена на глобалната политичка интеракција може да се анализа во теоретски-информиран систематски начин.

- **Политика на Европа и Европска Унија**
  Овој предмет се однесува на запознавање на концептот во компаративните политички науки на проучување на современата Европа. Притоа се бара претходно познавање на основните концепти и методи во политичките науки и познавање на историјата на Европа по Втората светска војна. Предметот е поделен на два дела. Во првиот дел ќе се фокусираме на европската политика на наднационално ниво од историски контекст, политичките институции и на политиките на Европската Унија. Во вториот дел ќе се изучуваат главните теории на компаративната политика кои можат да помогнат да се разбере варијацијата во институциите, политичкото однесување и политиките во европските земји и во самата ЕУ. Ќе бидат согледани некои од предизвиците со кои се соочуваат Европа и ЕУ денес и внимателно ќе бидат анализирани серија клучни современи општествени и политички дебати.

- **Проектен менаџмент и раководење со грантови**
  Овој модул се занимава со ефективно планирање, спроведување и комуникација на проекти и проектни идеи, кои се од особено значење за сите типови ГО. ГО постојано преземаат нови инцијативи, нудат нови услуги, развиваат креативни пристапи во давањето услуги, осмислуваат нови компоненти, отвораат нови објекти, центри итн., воведуваат нови технологии за да одговорат на променливото опкружување и на барањата на целните групи. Овој модул нуди вовед во основните концепти и методи за раководење со проекти и на студентите им обезбедува практични алатки кои ќе ги подготват да бидат успешни проектни менаџери. Овој модул вклучува анализа на потребите и проблемите, употреба на податоци при анализа на различни политики или состојби, анализа на потребата од создавање партнерства, примена на алатки за убедување и преговарање, како и презентациски вештини. При самата работа на конкретни проекти, студентите ќе имаат прилика да се соочат со предизвиците при користењето неколку важни алатки за развој и за спроведување проекти, најмногу користени од меѓународните донатори и да извлечат заклучоци кои вештини, односно знаења треба да ги подобрат.

- **Социјална демографија**
  Составот и движењето на населението во голема мера ги одредува потребите и потенцијалите на секоја локална заедница, регион или општество. Така, демографската слика и промените одредуваат и специфични предизвици, на кои практиката на социјалната работа и социјалните системи на социјалната работа мора да одговараат.

- **Анализа на придобивки и трошоци**
  Овој предмет ја поврзува економската теорија со политичка анализа користејќи ја алатката која е позната како „анализа на трошоци и придобивки“. Целта на анализата на трошоци и придобивки е да се измери економска ефикасност на проектот преку обезбедување формален опис на придружните трошоци и придобивки. Анализата на трошоци и придобивки стана стандардна практика анализа на политики. Овој предмет ќе им овозможи на студентите да стекнат теоретски познавања, но и практични вештини потребни за да може критички да анализираат и да се спроведат анализата на трошоците и придобивките на специфични проекти или јавни политики.

- **Менаџмент на промени**
  Да се запознаат студентите со релевантните, практични и применливи вештини за управување со промените. Да се подобри самодовербата на студентот да ги користи алатките за управување со промени и модели за дизајнирање соодветни планови за промени за нивното работно место. Да се запознаат студентите со современа теорија и практика во современите промени и со процесите за управување и опсегот на алатки и методи достапни за адресирање на промените, предизвиците и проблемите.

- **Граѓанско општество и развојни политики**
  Овој предмет се фокусира на запознавање со теориите на настанокот на граѓанското општество, дефинирање на просторот кој го зафаќа граѓанското општество, клучните актери, интеракциите со другите сектори во државата, улогата и структурата на граѓанскиот сектор, начините на работа, карактеристиките на граѓанското општество во Македонија и во регионов, стратегиите за негова одржливост, како и со начините за влијание врз политиките и демократските процеси. Во делот на развој, ќе бидат претставени клучните развојни концепти, теории и пристапи, како и предизвиците кои осиромашувањето и назадувањето во развојот ги наметнува на оние кои работат во донаторските агенции, државните развојни агенции, ГО, фондации и истражувачки институти.

- **Менаџмент на социјален сектор**
  Предметот ќе се осврне на концептите и алатките кои се однесуваат на управувањето со општествените организации, како и на концептот на колективно влијание. Целта е студентите да ја согледаат перспективата

на управување која претставува алтернатива на традиционалните пристапи за управување со општествени организации - пристап за социјално управување кој се заснова на единствен концепт на професионалната улога.

- **Меѓународни владини и невладини организации**
  Во овој предмет се опфатени најважни теоретски теми кои се однесуваат на меѓународните институции, историскиот развој на меѓународните институции, улогата на меѓународните институции, функциите и надлежностите. Притоа се анализира улогата на институциите кои играат важна улога во решавањето на колективните проблеми во глобалната политика. Овој предмет се фокусира на сè поважните улоги на меѓународните институции кои тие ја имаат во светот, почнувајќи од мирот и безбедноста, економскиот развој, правата на човекот, одбраната и заштитата на животната околина. Се анализираат напорите за создавање меѓународни организации, успесите и неуспесите како и предизвиците. Посебна важност е дадена на политичките организации (ООН, ЕУ), безбедносните организации (НАТО, ОБСЕ), регионалните организации (Организација на американските држави, Африканската Унија, Арапската лига итн.), финансиските организации (ММФ, СБ, ЕЦБ итн.) како и на меѓународните невладини организации.

- **Одржлив развој**
  Целта на проучувањето на предметот е студентите да стекнат сеопфатни знаења што се однесуваат на одржливиот развој како нов концепт на развој кој се наметнува на глобалната сцена, кој може да овозможи опстанок на планетата Земја. Со изучувањето на предметот, студентот ќе ги осознае причините за појава на концептот на одржливиот развој, ќе умее да ги објасни значењето и супериорноста на концептот на одржливиот развој, глобалните проблеми на животната средина, принципите и димензиите на одржливоста,ќе има сознанија за одржаните меѓународни конференции за одржлив развој и усвоените документи, меѓународните организации со мандат да делуваат во областа на одржливиот развој, политиката на ЕУ за одржлив развој, понатаму ќе стекне сознанија за тоа на кој начин РМ гради политика на одржливост на развојот, ќе умее да ја образложи потребата од економско делување со почитување на принципите на одржливиот развој за зголемување на компетитивноста на бизнисот. Изучувањето на овој предмет ќе придонесе за стекнување продлабочено знаење за одржливиот развој, на меѓународно ниво, на ниво на Европската унија и нејзините земји-членки, како и во Република Македонија.

- **Меѓународни организации: управување и функции**
  Во рамките овој предмет се опфатени теоретски прашања во однос на меѓународните организации на универзално и регионално ниво, нивниот историски развој, улогата, функциите и надлежностите. Посебно внимание се посветува на прашањето на нивната улога во решавање на колективните прашања и проблеми во глобалната политика. Фокусот е на нивната улога во сферата на мирот и безбедноста, економскиот развој, правата на човекот, демократијата и владеењето на правото. Фокусот е ставен на главните тела воспоставени во рамките на организациите, задолжени за реализирање на поставените цели.

- **Етика во јавната администрација**
  Цели на предметната програма: - Има знаења и ги разбира семантиката и концептите на етиката, стандардите на однесување, моралното расудување и моралната филозофија. - Развива став за позицијата на моралот во професионалниот живот. - Формира јасни ставови за правата и одговорностите на вработениот во јавната-државната администрација. - Способен е да се соочи со етички проблематични ситуации. - Има чувство за карактерот кој се бара во професијата на администраторот. - Запознаен е со литературата за етиката во сферата на јавната администрација. - Подготвен е да употребува комуникативни алатки и да ги почитува етичките стандарди во работата со државните институции и јавните актери.

- **Глобализација и социјалните мрежи**
  Цели на предметната програма: - Студентите да демонстрираат знаење за да се разберат глобализацијата и промените во општеството. - Препознавање на современите форми на манифестација на глобалните фактори. - Да стекнат знаења за методите за истражување на глобалните појави и мрежното општество. - Да се разговара и јасно да се набљудуваат карактеристичните форми на глобалното влијание на локално ниво. - Да се овозможи создавање средина за критично и творечко размислување. - Студентите да стекнат визии и разбирање за себе во услови на глобализација. - Да вршат истражувања и да ги презентираат пред своите колеги и на социјалните мрежи. Да имаат идеи, да се даде иницијатива и да развијат дел од предметот на глобализацијата со посредство на социјалните мрежи на кои студентите се активни. - Да се оспособат и да ги идентификуваат добрите и лошите страни на глобализацијата и социјалните мрежи. Етика на социјалните мрежи. - Facebook, Twitter, LinkedIn, Google + , You Tube, Istagram, Pinterest, Tumbir;

- **Социјална психологија**

Темите за дискусија вклучуваат: перцепција на личноста, согласување, формирање ставови, оценување и промена, предрасуди, агресивност, социјално учење, групна динамика, социјалната психологија и општеството и правна и организациска апликација

- **Уставно право**
  Преку овој предмет студентите стекнуваат теоретски и практични сознанија за уставното право како основна гранка на правото, Уставот како највисок правен и политички акт на државава и за уставноста и законитоста како основни начела на правната држава.

- **Политички систем на РМ**
  Целта на предметот е студентите на додипломските студии на Факултетот за јавна администрација и политички науки да стекнат општи и посебни знаења околу функционирањето на политичкиот систем на Република Македонија во целина и функционирањето на посебните институции на политичкиот систем на Република Македонија. Во овој правец како основни цели на овој предмет може да се издвои следново: - Студентите да стекнат основни знаења околу политичките системи во целина и местото на политичкиот систем на Република Македонија во нивни рамки. - Студентите да се запознаат и да стекнат соодветни знаења за историскиот развој на политичкиот систем на Република Македонија. - Студентите да се оспособат да спроведат компаративна анализа на функционирањето на политичкиот систем на Република Македонија денес како самостојна држава и во минатото како дел од поранешна СФРЈ. - Студентите да се запознаат подетално со функционирањето на елементите на политичкиот систем на Република Македонија и да создадат логично размислување за начинот како тие функционираат како една интегрирана целина. - Студентите да се оспособат да ги користат расположливите информации и стекнатите знаења за давање аргументирани мислења и вреднувања. - Да се развијат комуникативните способности на студентите и др.

- **Вештини за менаџирање со канцелариски работи**
  Студентите треба да совладуваат основни знаења во врска со ефикасно организирање и функционирање на канцеларискoто работење во државните органи, локалните органи и во разни институции и претпријатија. Цел на изучувањето на овој предмет е студентите да бидат подготвени на потребно ниво за да можат да ги завршат обврските целосно на ефикасен и одговорен начин. Добиените и стекнатите знаења по овој предмет ќе им го олеснат на студентите совладувањето на нивните работни задачи во јавната администрација после.

- **Политички партии, избори и изборни модели**
  Преку предметот студентите треба да стекнат општи познавања околу општествените движења и промени. Притоа се врши обработка на некои основни општествени движења почнувајќи од тие со кои сите ние се соочуваме како граѓани и академски работници. На студентите им се става на располагање цел спектар на литература од домашни и странски автори со што ќе се овозможи проширување и развој на нивните знаења од областа на темите кои се предмет на анализа. Како цели на овој предмет може да се истакнат следниве: - Да се иницира и да се развие критичкото размислување во рамки на групата. - Студентите да се оспособат стекнатите информации да ги искористат за давање оцени и за конструирање аргументи. - Да се развијат комуникациските способности на студентите. - Студентите да разберат како се одвиваат политичките движења во разните земји низ светот и врз таа основа да создадат критички стојалишта околу политичките движења во Македонија. - Студентите да ги разберат темите кои се обработуваат во рамките на политичките науки. - Студентите да се оспособат да прават разлика меѓу демократијата и недемократските политички системи. - Студентите да ги стекнат потребните аналитички способности за да ги разберат и да ги проценат политичките движења и феномени во земјава и надвор од неа. - Студентите што е можно подобро да ги сфатат научните техники на работа со посебен осврт на компаративната метода и др.

- **Социјална и трудова економија**
  Овој предмет е фокусиран на економијата на пазарот на трудот. Притоа се обработуваат детерминантите на побарувачката и понудата на пазарот на трудот, детерминантите на плата, разликите во платите помеѓу групите, инвестициите во човечкиот капитал, вработеноста и невработеноста. Целта е да се работи со студии на случај на пазарот на трудот од земјите во транзиција. Преку предавањата и вежбите студентите ќе се запознаат со главните области на пазарот на трудот и притоа ќе се обезбеди основа за оригинални истражувања во оваа област.

- **Политички проблеми на ЕУ-интеграции**
  Во рамките на овој предмет се опфатени следниве прашања: процесите на проширување на ЕУ и интеграцијата во правно-политичкиот систем и институционалните структури на Унијата, нивниот историски развој, правната поставеност на механизмите за проширување во рамките на договорите на ЕУ како и политичката проблематика која ги следи овие процеси – нивната геополитичка и геокултурна условеност, како

и условеноста од националните интереси на земјите членки на ЕУ и од интересите на земјите аспиранти.

- **Административно право на Европска унија**
  Предметот го опфаќа развојот на систем на управно право на ЕУ. Фокусиран е на: дефинирање и на главните карактеристики на административното право на ЕУ; релевантни прашања кои се однесуваат на финансиската одговорност на администрацијата за незаконски дејства; алтернативно решавање спорови во управното право, пристап до административните судови; последните и идниот развој на административното право во ЕУ; улогата и придонесот на судовите и на Европскиот омбудсман итн. Студии на случај ќе се користи за да се илустрираат местото и улогата на Судот за правда на ЕУ и Административниот суд на ЕУ во административниот процес.

- **Стратегии за пребарување на работа**
  Предметот е креиран да ве поттикне кон процесот за рано планирање и развој на кариерата. Процесот вклучува длабоко самоанализирање, истражување за кариера, планирање и следење на прелиминарни стратегии за вработување итн. Филозофијата на предметот е дека овој процес е тековен, систематски и цели кон живот исполнет со работа што е дел од целосниот план за личен развој. Ангажирањето во овој процес треба да ви биде предизвикувачки, интересно и да ви претставува задоволство. Уживањето на предностите што овој предмет ги нуди ќе ви помогне во транзицијата од студент во вработен и ќе ви помогне во поставувањето на подиректен пат за исполнување на вашите долгорочни цели за кариера преку предвидување и учење на потребните вештините, курсеви и искуство за влезна работа која ќе биде најдобрата точка за почнување кон кариерата кон која се стремите.

- **Теории на организациско однесување**
  Преку овој предмет студентите ќе се запознаат со структурата и со функциите на организациите во јавниот и непрофитабилниот сектор и со поведението на луѓето во овие организации. Првенствено студентите преку овој предмет ќе можат да ги разберат концептите на организација и практичните техники за менаџирање организации во различни околности. На крајот на семестарот студентите треба да имаат познавања за следниве сфери: - основните и релевантните теории на организациите во јавниот сектор, - менаџирање на вработените, - вештини за тимска работа.

- **Политички менаџмент**
  Во рамките на овој предмет студентот треба: - Да стекне основни знаења за поимот политика и менаџмент. - Да се запознае со основните алатките и активностите во врска со разликување на политичките процеси според различни критериуми. - Да стекне соодветни знаења за подготовка на анкета и за теренско работење. - Да ги применува стекнатите знаења од другите предмети, како на пример за методологијата за изработка на есеи -семинарска работа. - Да ги анализира изборните процеси и начинот на изведување. - Да подготви политички говор и да се симулира појава на политички настан. - Да покажува способност за активна учество во дебати организирани од студентската унија. - Да покажува способност да се подготви и да учествува во истражувачки проекти, како и да презентира резултати од научнистражувачката дејност. - Да одреди различни начини за употреба на научните извори, да научи да чита селективно и компаративно да ги анализира политичките процеси.

- **Развојно планирање и проценка на влијанието на јавните политики**
  Овој предмет има за цел да се запознаат студентите со комплексните прашање со кои се соочуваат донесителите на одлуките и планерите како и да се запознаат со механизмите кои се употребуваат да се разјаснат овие прашања од истражувачите и практичарите во јавниот сектор.

- **Социјални политики**
  Цели на предметната програма: • Да им овозможи на студентите да се анализира институционални и политички фактори кои имаат облик на развој на социјалната држава (во Велика Британија и во други земји) во минатото и со тоа обликување во сегашноста. • Да им овозможи на студентите да разберат како социјалната држава работи, како што е дадено, како се плаќа и кои се придобивките од тоа. • Да им овозможи на студентите да се идентификуваат политички аргументи за и против последните случувања во клучните области на политиката (како што се здравствената политика, вработување и социјална политика за безбедност, политика за домување и кривичната правна политика). • Да се овозможи развој на вештини за учење соодветни на предметот, вклучувајќи и интерпретација на податоците.

- **Деловна регулатива на владите**
  Економијата во целина влијае врз тоа колку ефикасно се грижиме за нашата планета, врз иднината која сакаме да бидеме дел од неа, врз ресурсите кои ги имаме на располагање, врз тоа до кој степен се грижиме

за сиромашните и за богатите. Но, треба исклучиво да се потенцира дека економските принципи и концепции без разлика на нивото на развиеноста на економијата не се менуваат. Економија на јавниот сектор има за цел да ги дефинира економијата и улогата на државата во економијата, улогата на јавните институции во економијата. Има за цел да ги дефинира агрегатната понуда и агрегатната побарувачка, влијанието на фискалната и монетарната политика врз пазарите.

- **Демократија и граѓанско општество**
  Студентите преку овој предмет ги стекнат следниве вештини, знаења и пристапи: - Разбирање на процесите, теориите и емпириските анализи поврзано со политичките институции и политичкото однесување; - Способност да се имплементира процес на критичко размислување и примена на основните методи на истражување и квантитативна анализа; - Ефективни писмени комуникациски вештини.

- **Социологија на работа и организации**
  Цели на предметната програма Студентот да биде во состојба: Да ги аплицира целите на социолошката анализа на трудот. Да демонстрира разбирање на историскиот развиток на модерните форми на трудот. Да покаже разбирање за општествените промени стимулирани со транформирачките процеси на трудот и глобализацијата. Да ги артикулира предизвиците и притиоците на човештвото низ перспективата на класата, расата и родот во национален и интернационален план. Да ги артикулира основните концепции на поважните мислители на социологијата на трудот. Да покаже разбирање на посебните професии. Да ги разбере и да ги критикува постојните форми на труд и менаџерските трендови.

- **Public Opinion Analysis**
  Целта на предметот е да се фокусира на два општи прилода кон анализа на податоците имено, квантитативна и квалитативна. Во однос на квантитативна анализа се фокусира на употреба на статистичката анализа во однос на квалитативна анализа во која се дефинира како оние пристапи во кои не се вклучени квантитативните пристапи - или пристапи кои не користат нумеричка манипулација. Во рамките на овој предмет ќе се анализира и преку студии на случај ќе се презентираат методите на истражување, деловите на општественото научно истражување, приодите за истражувачки дизајн, спроведување емпириски дизајн како и мултиваријабилна анализа.

- **Социјална работа во секторот на НВО**
  Да се добијат научни и продлабочени сознанија за поважните пристапи кон проблемите на младите во општеството и да се проучат начините на кои различни групи млади учествуваат во општествениот живот, градејќи посебни поткултури и животни стилови. Студентите се запознаваат и со младинската политика што ја води државата.

- **ИТ во јавен сектор**
  Преку предметот се дава опширен вовед за информациските системи, од организациска и од општествена призма. Целта е студентите да стекнат соодветен баланс на техничките и организациските перспективи, кои ќе служат како основа за понатамошните студии во оваа област.

- **Хуманитарното право и улогата на јавните службеници**
  Меѓународното хуманитарно право како предмет претставува една добра можност студентите да бидат запознаени со збир на правила, кои од хуманитарни причини, имаат за цел да ги лимитираат ефектите од вооружените конфликти. Студентите ќе бидат во можност да слушнат за мерките за заштита на лицата кои не учествувале или повеќе не учествуваат во непријателствата и ги ограничува средствата и методите на војување. Особено е важна улогата на јавните службеници (било внатрешни било мегународни) во оваа насока, па поради тоа ќе се осврнеме и на позитивните правила кои се однесуваат на задачите и задолженијата на службениците во случај на воен конфликт.